ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 08 – 137/9**

**Дата: 27.12.2010**

**ДО**
**МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Македонска Банка за поддршка на развојот АД Скопје за 2009 година.

Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и за истата е издаден ревизорски извештај со мислење без резерва за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2009 годинаи мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

За креирање и реализација на промотивна кампања за промоција на кредитна линија на ЕИБ спроведена е јавна набавка со отворена постапка. Во тендерската документација предвидени се при изборот на најповолен понудувач критериумот квалитет и цената, но не се дефинирани критериуми за начинот на кој ќе се пресметуваат и бодираат под елементите на критериумот квалитет. Тоа се одразува на објективноста на евалуација на понудата и на распределбата на бодови за квалитет. Вака спроведена набавка во износ од 3.988 илјади денари ја доведува во прашање транспарентноста, објективноста и крајниот исход од постапката.

Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот, од страна на одговорните лица на Македонска банка за поддршка на развојот добиени се забелешки за наодот кој се однесува на јавната набавка – креирање и реализација на промотивна кампања за промоција на кредитна линија на ЕИБ. Од

страна на одговорните лица на банката не е добиен дополнителен доказ со кој би бил во прилог на забелешката.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 6 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Македонска Банка за поддршка на развојот АД Скопје, кои се состојат од Билансот на успех, Билансот на состојба, преглед на промените на капиталот и резервите, извештајот за паричниот тек за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Македонска банка за поддршка на развојот за 2005 година и изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Драган Мартиновски, главен извршен директор на Банката;
- Кенан Идризи, главен оперативен директор на Банката.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Македонска Банка за поддршка на развојот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на

соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 01/09/2010 до 15/10/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Македонска Банка за поддршка на развој – предмет на ревизија.

Од страна на одговорните лица на Службата добиени се забелешки со писмо под број 02 – 4270/2 од 09.12.2010 година, на точките 1.4. и 3.1. од Нацрт извештајот и на точките 3.2, 3.6, 4.3. и 4.8. од Образложенијата кон Нацрт извештајот.

Забелешките на точките 1.4. од нацрт извештајот и на точките 3.2, 3.6, 4.3. и 4.8. од Образложенијата претставуваат допрецизирање на состојбите и истите се прифатени.

Забелешката на точката 3.1. не се прифаќа заради тоа што со забелешките не се добиени дополнителни докази кои би биле во прилог на истите.

### 3.1. Користење на средствата согласно законските прописи

Поради недостатоци во тендерската документација и во евалуацијата на понудите, ревизијата не се увери дека распределбата на бодови за квалитет меѓу економските оператори е извршена на начин на кој ќе се овозможи избор на најквалитетна понуда и постигне посакуваниот резултат. Имено, за креирање и реализација на промотивна кампања за промоција на кредитна линија на ЕИБ спроведена е јавна набавка со отворена постапка. Во тендерската документација предвидено е при изборот на најповолен понудувач критериумот квалитет да учествува со 65%, а цената со 35%, но нема дефинирани критериуми за начинот на кој ќе се пресметуваат и бодираат под елементите на критериумот квалитет. Тоа се одразува на објективноста на евалуација на понудата и на распределбата на бодови за квалитет. Вака спроведена набавка во износ од 3.988 илјади денари ја доведува во прашање транспарентноста, објективноста и крајниот исход од постапката.

**Препорака**

При изработка на тендерска документација да се дефинираат критериуми за начинот на кој ќе се пресметуваат и бодираат под елементите на критериумот квалитет.

4. **Ревизорско мислење:**

Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат, финансиската состојба и резултатот од финансиските активности и парични текови на Македонска банка за поддршка на развојот на ден 31 декември 2009 година, во сите материјални аспекти, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Скопје, 23/12/2010 година

.

## БИЛАНС НА УСПЕХ

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 121,797 | 164,202 |
| Расходи од камати | (24,450) | (37,894) |
| **Нето приходи/расходи од камати** | **97,347** | **126,308** |
| Приходи од провизии и надоместоци | 30,821 | 11,759 |
| Расходи од провизии и надоместоци | (12,456) | (2,951) |
| **Нето приходи/расходи од провизии и надоместоци** | **18,365** | **8,808** |
| Нето приходи/расходи од курсни разлики | (6,154) | 5,067 |
| Останати приходи од дејноста | 1,625 | 16,312 |
| Трошоци за вработените | (24,458) | (22,362) |
| Исправка на вредност на финансиски средства, на нето основа | (1,470) | (3,185) |
| Амортизација | (6,839) | (6,340) |
| Останати расходи од дејноста | (19,267) | (12,348) |
| **Добивка од работењето пред оданочување** | **59,149** | **112,260** |
| **Данок од добивка** | **110** | **11,360** |
| **Добивка за финансиската година** | **59,039** | **100,900** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 501,546 | 521,143 |
| Вложување во должнички хартии од вредност | 0 | 166,607 |
| Кредити на и побарувања од банки | 3,063,857 | 2,172,792 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 6,312 | 7,252 |
| Нематеријални средства | 1,017 | 1,833 |
| Материјални средства | 112,108 | 115,475 |
| Останати средства и побарувања | 4,757 | 4,345 |
| Одложни приходи и однапред платени трошоци | 415 | 530 |
| **Вкупна актива:** | **3,690,012** | **2,989,977** |
| **Пасива** | | |
| Обврски кон банки и кон други комитенти | 1,956,013 | 1,314,716 |
| Обврски по издадени должнички хартии од вредност | 0 | 0 |
| Останати обврски | 6,921 | 7,763 |
| Резервирања за ризици и обврски | 3,069 | 2,528 |
| **Вкупни обврски:** | **1,966,003** | **1,325,007** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Запишан капитал | 1,193,793 | 932,400 |
| Останати резерви | 478,527 | 631,670 |
| Задржана добивка | 51,689 | 100,900 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **1,724,009** | **1,664,970** |
| **Вкупна пасива** | **3,690,012** | **2,989,977** |

## ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 ден.

| ОПИС | Запишан капитал | Резерви | Останати резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 01.01.2009** | **932,400** | **209,036** | **422,634** | **100,900** | **1,664,970** |
| Пренесени средства од Гарантниот капитал | 261,393 | | (261,393) | - | - |
| Распределена добивка од 2008 | | 86,371 | 21,879 | (108,250) | - |
| Прекнижување од контото 909 согласно новиот закон | | 30,000 | (30,000) | | - |
| Добивка за 2009 | | | | 59,039 | **59,039** |
| **Состојба 31.12.2009** | **1,193,793** | **325,407** | **153,120** | **51,689** | **1,724,009** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2009 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| Добивка пред оданочување | **59,039** |
| Корегирана за: | |
| Амортизација | 6,839 |
| Вложување во должнички хартии од вредност | 166,607 |
| Кредити на и побарувања од банки | (891,065) |
| Кредити на и побарувања од други коминтенти | 940 |
| Останати средства и побарувања | (412) |
| Одложни приходи и однапред платени трошоци | 115 |
| Обврски кон банки и кон други комитенти | 641,297 |
| Останати обврски | (842) |
| Резервирања за ризици и обврски | 541 |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **(16,941)** |
| Нематеријални средства | (12) |
| Материјални средства | (2,643) |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **(2,655)** |
| **Вкупно нето паричен тек** | **(19,596)** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 31.12.2009 | 501,546 |
| Парични средства и парични еквиваленти на 01.01.2009 | 521,143 |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | **(19,597)** |

Македонска банка за поддршка на развојот

Macedonian Bank for Development Promotion

10.12.2010
08 137/8

МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД Скопје
Примено: 09.12.2010
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност:
02 | 4270/2

До

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Предмет:** Доставување на забелешки на Нацрт извештај

**Врска:** Ваш допис Бр. 08-137/7 од 10.11.2010 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Македонска Банка за Поддршка на Развојот АД, Скопје (МБПР) за 2009 година во законски предвидениот рок, согласно член 30 став 2 од Законот за државна ревизија (Сл. Весник на РМ бр. 66/2010), Ви ги доставуваме следните забелешки:

1. Резиме

Во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста на Македонска банка за поддршка на развојот за 2009 година, Овластениот државен ревизор изразил мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2009 година и **мислење со резерва** во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Македонска банка за поддршка на развојот е формирана со посебен Закон за Македонска банка за поддршка на развојот и доколку со овој Закон поинаку не е уредено, на МБПР соодветно се применуваат одредбите од Законот за банките.

Работењето на банката подлежи под супервизија и надзор на националниот регулатор Народна банка на Република Македонија.

Со вршењето на супервизија на работењето на банката, Народна банка ја оценува сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на банката со прписите, па меѓу другото врши и оценка дали банката ги исполнува условите за вршење банкарски и финансиски

активности и трансакции, како и усогласеноста на работењето на банката со дозволата за основање и работење, интерните акти на банката и прописите донесени од страна на Народна банка и други надлежни институции и органи.

Народна банка врши непрекинато вонтеренско следење на работењето на МБПР, како и непосредна теренска контрола во Банката, при што ја оценува сигурноста, стабилноста, ефикасноста, ризичноста на работењето и усогласеноста на работењето на Банката со прописите, употребувајќи систем на постапки и процеси преку кои се утврдува сигурноста, стабилноста, ефикасноста, ризичноста на работењето и усогласеноста на работењето на банката со прописите.

До денес националниот регулатор НБРМ не изрекол санкции спрема банката, ниту издал решение за отстранување на неправилности и незаконитости во работењето на банката, напротив со Записник од извршената теренска контрола на усогласеноста со прописите во работењето кај Македонска банка за поддршка на развојот од 19.07.2010, се констатира дека МБПР постапувала во согласност со прописите. Од причини што Записникот е со назнака "строго доверливо" не сме во можност да го приложиме кон овои забелешки по Нацрт извештајот. Оттука не е јасна генералната формулација на овластениот државен ревизор за неусогласеноста на финансиските трансакции на банката со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, дотолку повеќе што наодите на овластениот државен ревизор треба да бидат подготвени во соодветна форма чија содржина треба да биде лесно разбирлива и ослободена од нејаснотии и двосмислености, да вклучува само информации кои се поткрепени со компетентни и релевантни ревизорски докази во поддршка на ревизорските судови и заклучоци и да бидат независни, објективни, правични и конструктивни, се во согласност со стандардите за државна ревизија ИНТОСАИ применливи во Република Македонија.

Стандардите за државна ревизија ИНТОСАИ применливи во Република Македонија, бараат при известувањето за неправилности или за прашања за неусогласеност со прописите, ревизорите внимателно да ги формулираат своите наоди и за потврдување на оваа своја формулација, степенот на неусогласеност да се поврзе со поголем број на проверени случаи или на квантификации.

При спроведувањето на ревизијата во согласност со ИНТОСАИ стандардите, ревизорот треба да избере и спроведе ревизорски чекори и постапки, кои ќе бидат креирани на начин кој обезбедува задоволителни, компетентни и релевантни докази кои ќе бидат разумна основа за неговото просудување и заклучок.

Неспорно е дека при вршењето на ревизијата, потребно е да се направи проценка на усогласеноста на работењето со важечките закони и прописи за која цел, ревизорот треба да ја креира ревизијата за да обезбеди разумна сигурност во откривањето на незаконските акти кои можат во значителна мерка да влијаат врз целите и резултатите на ревизијата, меѓутоа спорно е дали ревизорот во поддршка на ревизорското мислење обезбедил компетентни, релевантни и разумни докази ако се има во предвид дека утврдените докази од ревизорот не индицираат на состојба на неусогласеност на банката со прописите од причина што јавната набавка заради која се дава мислење со резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулативе, упатства и вопоставени политики е извршена согласно прописите при што е извршен избор на понудувач кој единствено доставил прифатлива понуда. Во точка 3 од овој одговор кон нацрт извештајот подетално се образложени горе наведените наводи.

2. Во точка 1.4. е направен грешка во однос на звањата на раководните лица на МБПР. Согласно Законот за Македонска банка за поддршка на развојот и член 59 од Статутот на МБПР, Управниот одбор на банката се состои од два члена кои се подеднакво одговорни за работењето на банката и за обврските што ги превзема банката, и се именувани како главен извршен директор и главен оперативен директор.

3. Во точка 3.1 од Нацрт извештајот се наведува дека поради тоа што во тендерската документација не бил одреден начинот на кој ќе се пресметуваат и бодираат подкритериумите на критериумот квалитет, ревизијата не е уверена дека распределбата на бодовите за квалитет меѓу економските оператори е извршена на начин кој ќе овозможи избор на најквалитетна понуда и поради тоа се доведува во прашање транспаретноста, објективноста и крајниот исход на постапката.

МБПР не може да се сложи со констатацијата на овластениот државен ревизор изнесена во Ннацрт извештајот според која постојат недостатоци во тендерската документација и во евалуацијата на понудите спроведена во постапката по Отворен повик бр.2/2009 од следните причини:

Врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 28-2006/1 (прилог бр. 1) од 20.07.2009 година, МБПР спроведе набавка на услуга креирање и реализација на промотивна кампања за промоција на кредитна линија од Европска инвестициска банка со отворена постапка за што беше изготвена тендерска документација (прилог бр.2) и објавен оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.28-2006/2 (прилог бр.3) на веб страницата на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на Република Македонија. Износот на набавката, согласно Планот за јавни набавки во 2009 година (прилог бр.4) и Одлуката за јавна набавка беше определен на

4 милони денари без данок на додадена вредност. Со Одлуката за јавна набавка, тендерската документација и огласот, како критериум за додолевање на договорот беше определен критериумот економски најповолна понуда со елементи: квалитет 65 бода и цена 35 бода. До крајниот рок за отварање на понудите пристигна четири понуди и тоа:

- ЊУ МОМЕНТ 3.988.324,00денари
- ПАРТЕРС 11.789.586,00 денари
- ПРИСТОП МК 8.981.772,42 денари
- ТДС - КИОСКИ 25.219.927,00денари

Од отворањето на понудите е изготвен Записник бр.28-2006/10 од 18.08.2009 (прилог бр. 5) .

Согласно член 161 од Законот за јавни набавки:

"Ако критериум за доделување на договорот за јавна набавка е економски најповолна понуда, најповолна понуда е онаа што ќе добие најголем број на бодови од различни елементи кои носат соодветен број на максимални бодови.

Елементите на критериумот економски најповолна понуда од ставот 1 на овој член можат да бидат цената, карактеристики на квалитет, техничките и функционалните карактеристики, еколошките карактеристики, оперативните трошоци, економичноста, постпродажните услуги и техничката поддршка, времето на испорака или извршување или други важни елементи за евалуација на понудите.

Елементите на критериумот економски најповолна понуда, како и максималниот број на бодови за секој елемент одделно мора јасно да се дефинирани во огласот за доделување на договорот за јавна набавка и откако ќе бидат утврдени не можат да се менуваат за целото времетраење на постапката за доделување на договорот за јавна набавка.

Договорниот орган е должен во тендерската документација да даде објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда."

Од погоре цитираниот член на законот јасно е дека договорниот орган, односно МБПР има законска обврска да ги огласи елеметните на критериумот економски најповолна понуда и максималниот број на бодови за секој елемент на критериумот економски најповолна понуда. Почитувајќи ги обврските од Законот за јавни набавки, МБПР во огласот за отворениот повик и во тендерската документација, јасно ги дефинирала критериумот за доделување на договор за јавна набавка како економски

најповолна понуда. Во истите јасно се дадени елементите на критериумот економски најповолна понуда и тоа: **цена** и **квалитет** при што соодветно се дадени и максималниот број на бодови за секој елемент посебно. Во тендерската документација, а согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорите за јавна набавка во бодови, јасно се утврдени поделементите врз основа на кои ќе се оценува критериумот квалитет и јасно е утврдено дека максималниот број на бодови за сите поделементи во рамките на овој елемент изнесува 65 бода. Имено, МБПР како поделементи на елементот квалитет во тендерската документација ги утврдила следните поделементи:

- Оценка на ефикасност и квалитетот на понудените креативни решенија;
- Ефикасност и ефективноста на доставениот термински план на медиумите со кој треба да се подигне најголемата можна покриеност и опфат на целните групи, како и соодветна фрекфенција;
- Квалитет на предлог стратегијата и алатките за кампањата за односи со јавноста;
- Предходни искуства. Референци за слични проекти изработени за банки.

Согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договори за јавна набавка во бодови, пресметувањето на бодовите за елементот карактеристики на квалитет се врши на тој начин што се собираат бодовите на поделементите на елементот карактеристики на квалитет кои договорниот орган ги утврдил во тендерската документација и кои треба да бидат објективни и споредливи. Со методологијата за изразување на критериумите за доделување на договори за јавна набавка, не е пропишана обврска за објавување на поделементите на елементот квалитет, ниту пак за распределбата на бодовите во рамките на истиот. Со Методологијата единствено за елементот цена е пропишаа формула за утврдување на најповолна понуда додека за сите останати елементи е утврдено дека најповолната понуда треба да биде оценета со најголем број на бодови, а останатите со помал број на бодови соодветно на понудените услови. Постапувајќи по Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договори за јавна набавка во бодови, евалуација на понудите беше извршена на начин што за секој поделемент на елементот квалитет беше определен еднаков број на бодови, односно вкупниот број на бодови 65 беше поделен со бројот на поделементите на критериумот квалитет, односно со 4 и на тој начин за секој поделемнет беа утврдени максимални 16,25 бода. На тој начин за најповолните понуди во рамките на еден поделемент беа доделени максимални 16,25 бода, а за останатите соодветно беа доделени помал број на бодови.  Истотот е видно и од

записникот за евалуација на пристигнатите понуди бр.28-2006/13 од 02.09.2009 година. (прилог бр. 6)

Исто така, согласно член 140 од Законот за јавни набавки, Комисијата за јавни набавки е должна да ја провери и да ја утврди комплетноста и валидноста на документацијата, односно има законска обврска да ги исклучи неприфатливите понуди и да изврши евалуација само на прифатливите понуди. Од записникот за отварање на понудите и од записникот за евалуација на пристигнатите понуди, јасно и недвосмислено може да се утврди дека три од вкупно четирите доставени понуди, го надминуваат износот на проценетата вредност на набавката согласно Планот и Одлуката за јавна набавка, со што овие три понуди не ги исполнуваат критериумите за "прифатлива понуда". Имајќи го во предвид предходното јасно е дека е извршен избор на единствената прифатлива понуда односно понудата на избраниот понудувач. Во потврда на изнесените факти во прилог ви доставуваме Решение бр.08-680/2 од 27.10.2010 година донесено од Државната Комисија за жалби по јавни набавки. Со ова решение Комисијата за јавни набавки потврдува одлука на договорниот орган со која се исклучени од евалуација понудите кои ја надмиуваат проценетата вредност на набавката.

Од овие причини не може да се сложиме со изнесените сомневањата од страна на овластениот државен ревизор во однос на транспарентноста, бидејќи МБПР обезбедила транспарентност во постапката со тоа што ја водела постапката согласно Законот за јавни набавки, односно со Планот за јавни набавки извршила проценка на вредноста на набавката, донела Одлука за јавна набавка, објавила оглас на веб страницата на биро за јавни набавки и во Службен весник на РМ и извршила јавно отворање на понудите. Исто така, неможе да се согласиме со сомневањата во однос на објективноста и крајниот исход на постапката од причини што со тендерската документација се определени поделементите на критериумот квалитет, а евалуацијата на понудите е извршена согласно методологијата за изразување на критериумите во бодови и е извршен избор на единствената прифатлива понуда.

4. Во точка 3.2. од "Образложенјата кон финансиските извештаи" се констатира дека расходите од камати се настанати по основ на издадени должнички хартии од вредност.

Во однос на вашата констатација ве известуваме дека МБПР не поседува должнички хартии од вредност и од тие причини неможе ни да има расходи по должнички хартии од вредност. Расходите од камати се настанати по основ на обврските спрема заемодаватели кои се наведени во точка 4.5 од белешките кон финансиските извештаи. Согласно горенаведеното потребно е да се изврши корекцијата во точка 3.2. која треба да гласи: "Расходите од камати во износ од 24.450 илјада денари

:

ПРИЛОГ БРОЈ 2

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Македонска банка за поддршка на развојот**

Од страна на Главниот извршен директор и Главниот оперативен директор на Македонска банка за поддршка на развојот добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Македонска банка за поддршка на развојот, под број 02 – 4270/2 од 09.12.2010 година, а заверени во Државниот завод за ревизија под број 08-137/8 од 10.12.2010 година.

Забелешките се однесуваат на точките 1.4. и 3.1. од Нацрт извештајот за извршена ревизија и на точките 3.2, 3.6, 4.3. и 4.8. од Образложенијата кон Нацрт извештајот.

Забелешките на точките 1.4. од Нацрт извештајот и на точките 3.2, 3.6, 4.3. и 4.8. од Образложенијата претставуваат допрецизирање на состојбите и истите се прифатени од страна на ревизијата.

Забелешката на точката 3.1. не се прифаќа заради следното:

- Овластениот државен ревизор при дефинирање на наодот кој се однесува на јавната набавка – креирање и реализација на промотивна кампања за промоција на кредитна линија на ЕИБ ги имаше предвид елементите на наодот пропишани во методологијата, состојбата, критериумот и ефектите, со цел истите да бидат подготвени во соодветна форма со содржина лесно разбирлива и ослободена од нејаснотии и двосмисленост;
- Овластениот државен ревизор при спроведување на ревизијата обезбедил соодветни и релевантни докази со кои е потврдено дека Македонска банка за поддршка на развојот при спроведување на наведената јавна набавка нецелосно ги спровела одредбите од Законот за јавни набавки. Со Забелешките кон Нацрт извештајот не се добиени дополнителни докази, туку документи кои беа презентирани во текот на ревизијата;
- Овластениот државен ревизор останува на констатацијата наведена во Нацрт извештајот од причина што во тендерската документација е предвидено како критериум за доделување на договорот за јавна набавка да биде „економски најповолната понуда", со учество на критериумот квалитет со 65% од вкупните бодови и критериумот цена со 35% од вкупните бодови.

Во тендерската документација за критериум квалитет се дефинирани четири поделементи без конкретно распределување на бодовите и начинот на нивно пресметување и бодирање. Според одредбата од член 161 став 4 од Законот за јавни набавки, банката е должна во тендерската документација да даде објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда.

Во отсуство на точно распределување на бодовите по поделементи и начинот на нивно пресметување, ревизијата не се увери дека распределбата на бодови за квалитет меѓу економските оператори е извршена на начин на кој ќе се овозможи избор на најквалитетна понуда и постигне посакуваниот резултат.

Наведеното има влијание врз објективноста и евалуацијата на понудата и крајниот исход на постапката.